# 272. ЗЕДОВ ЖЕНА МРЗЕЛИВА




Зедов жена мрзелива,
дејгиди де, дејгиди де,
се погоди болничава,
дејгиди де, дејгиди де.

Ја заведов на докторат,
дејгиди де, дејгиди де,
доктор вика фајде нема,
дејгоди де, дејгиди де.

Ја заведов право дома,
дејгиди де, дејгиди де,
мрза има фајде нема,
дејгиди де, дејгиди де.

Па си зедов едно дрво,
дејгиди де, дејгиди де,
десет удри едно брои,
дејгиди де, дејгиди де.

Стана жена си оздрави,
дејгиди де, дејгиди де,
мрза снема фајде има,
дејгиди де, дејгиди де.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995